**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 16.12.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6479 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, што го обезбедува Јавното претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 ноември до 9 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 76-а ставови 8 и 9 од Изборниот законик**

     *(8) „Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија во времетраење од по три часа ќе обезбеди бесплатно политичко претставување на кампањите на политичките партии застапени во Собранието на Република Македонија, како и еден час за бесплатно политичко претставување на кампањите на подносителите на листи кои не се застапени во Собранието на Република Македонија. Во однос на користењето на трите часа односно на едниот час, учесниците во кампањата можат да одлучат да доставaт снимен материјал од активности за спроведување на изборна кампања или своето време може да го искористат и за директно обраќање од студио";*

     *(9) „Бесплатното политичко претставување мора да биде соодветно и видливо означено како 'бесплатно политичко претставување' во текот на целото времетраење на емитувањето".*

6. **Констатации од надзорот:**

***<u>Бесплатно политичко претставување</u>***

Секојдневно, од 16:00 часот, во периодот од 21 ноември до 9 декември 2016 година, на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието, што според Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го обезбедува Јавниот радиодифузен сервис, се емитуваше бесплатно политичко претставување на учесниците во изборниот процес.

Пред емитувањето на бесплатното политичко претставување, се емитуваше телоп со правила за распоредот на времето отстапено за учесниците во изборната кампања.

Редоследот на емитувањето беше поставен според ждрепката направена во Државната изборна комисија, со секојдневна ротација на политичките субјекти.

Според правилата од член 76-а став 8 од Изборниот законик – на политичките партии и предизборните коалиции што се застапени во Собранието на Република Македонија, им беа отстапени по максимум – 36 минути на ден, а на вонпарламентарните партии / коалиции учесници во изборниот процес – максимум 10 минути на ден.

Оттаму, парламентарните партии и предизборни коалиции: ДУИ, ДПА, Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, Коалицијата предводена од СДСМ, и Коалицијата за промени и правда, за време на целиот период на изборна кампања, секоја поединечно можеше да добие по – 11 часа и 24 минути за бесплатно политичко претставување, додека вонпарламентарните партии и предизборни коалиции: Либерална партија, Левица, Коалицијата „Алијанса за Албанците", Коалицијата ВМРО за Македонија, Беса и ПДП - секоја поединечно, во овие рамки, можеше да искористи по – 3 часа и 10 минути.

Во табелата подолу се податоците за искористеното време одвоено за бесплатно политичко претставување. Се забележува дека можноста за бесплатно политичко претставување пред гласачкото тело воопшто не ја искористија ДУИ, ДПА и Коалицијата „Алијанса за Албанците".

| Политички субјект | Траење |
|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 09:31:36 |
| Коалиција СДСМ и др. | 09:57:29 |
| Коалиција за промени и правда | 09:14:06 |
| Либерална партија | 00:55:33 |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 02:41:17 |
| Левица | 02:32:44 |
| Беса | 01:09:02 |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:41:06 |
| ***Вкупно*** | **36:42:53** |

***Сектор за програмски работи***